Смрт на фашизмот — Слобода на народот

Поштарина е платена со готово

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 20 | Скопје, понеделник 9 јуни 1947 | Год. III

„Службен весник на НРМ“ излегува повремено. Ракописите се испраќаат во дупликат пишани на машина во проред на една страна од табак, на адреса: Службен весник на НРМ — ул. Маршал Тито бр. 10 — Скопје. Ракописите не се враќат

Цена на весникот е 4 дин. од табак. Претплата за една година 250 динари а за едно полугодие 130 динари — Претплата се испраќа преку Народна банка на ФНРЈ Централа за НРМ — Скопје — чек. сметка 8-801-192, или се внаса во самата администрација на весникот

**178**

На основание чл. 13 од Законот за даноците и чл. 61 од Уредбата за данок на доход на Владата на ФНРЈ, а на предлог на Министерот на финансиите на НРМ, Владата на НРМ пропишува

# Уредба
## за данок на доход

### I — ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл. 1

На територијата на Народна Република Македонија се установуат следните видови данок на доход:

1. — Данок на доход за приходите од трудот на работниците, намештениците и службениците;
2. — Данок на доход на земјоделците;
3. — Данок на доход на кооперациите;
4. — Данок на доход на општествените организации; и
5. — Данок на доход од слободните занимања и имоти.

Чл. 2

Еден приход по правило може да биде оданочен само со еден вид данок на доход.

Приходи кои што се ослободени од данок по еден вид не можат да се оданочуат со данок по друг вид.

Чл. 3

Приходи од иностранство подлежуат на оданочуење ако не се докаже да ја на нив платен соответен данок во иностранство, под услов на реципроцитет.

### II — ОДРЕДБИ ЗА ДАНОКОТ НА ДОХОД НА РАБОТНИЦИТЕ, НАМЕШТЕНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ

Чл. 4

Заработуачките на работниците, намештениците и службениците се оданочуат на целата територија на Народна Република Македонија по прописите на оваа Уредба.

Чл. 5

Работниците, намештениците и службениците плаќаат данок на бруто заработуачка од секој работен однос одделно.

Чл. 6

Во основата за оданочуење влегуат: основната плата, платата за п р е к у в р е м е н а и акордна работа, компензациите за неискористен одмор или празничен ден, функционалниот додаток и други слични примања.

Постојаните лични додатоци за извонредна работа и премиите се оданочуат одделно од другите примања од истиот работен однос.

Чл. 7

Во основата за оданочуење не влегуат:

1. — еднократните индивидуални награди за извонреден успех во работата;
2. — наградите кои што ги примаат работниците, намештениците и службениците за изуми кои што не се патентирани и за новаторството;
3. — наградите кои што ги примаат одликованите по статутите на одделни ордени;
4. — помоштите за заслужни граѓани;
5. — социалните помошти;
6. — сумите кои што се исплатуат на работниците, намештениците и службениците за амортизација на нивниот инвентар кои што го употребуат во дејноста;
7. — накнадите за извршени надатоци во врска со вршењето на службена дејност; и
8. — додатоците на деца.

Чл. 8

Од плаќањето на овој данок се ослободуат:

1. — народните херои;
2. — дипломатските претставители на туѓи држави и нивните службеници, доколку се туѓи државјани под услов на реципроцитет;
3. — учениците во стопанството ако нивната заработуачка не го преодуе износот на заработуачката на учениците во стопанството одредена по прописите за заработуачката на работниците и намештениците во стопанството; и
4. — учениците во поглед на приходите од поучување и стипендии.

Чл. 9

Работниците, намештениците и службениците плаќаат данок спрема месечната заработуачка во следните износи:

| Месечна заработуачка во динари | | | | Износ на данокот во динари |
|---|---|---|---|---|
| | | До | 100 | 2 |
| Преко | 100 | до | 200 | 4 |
| преко | 200 | до | 300 | 6 |
| преко | 300 | до | 400 | 8 |
| преко | 400 | до | 500 | 10 |
| преко | 500 | до | 600 | 13 |
| преко | 600 | до | 700 | 16 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| преко | 700 | до | 800 | 19 |
| преко | 800 | до | 900 | 22 |
| преко | 900 | до | 1.000 | 25 |
| преко | 1.000 | до | 1.100 | 29 |
| преко | 1.100 | до | 1.200 | 33 |
| преко | 1.200 | до | 1.300 | 37 |
| преко | 1.300 | до | 1.400 | 41 |
| преко | 1.400 | до | 1.500 | 45 |
| преко | 1.500 | до | 1.600 | 50 |
| преко | 1.600 | до | 1.700 | 55 |
| преко | 1.700 | до | 1.800 | 60 |
| преко | 1.800 | до | 1.900 | 65 |
| преко | 1.900 | до | 2.000 | 70 |
| преко | 2.000 | до | 2.100 | 76 |
| преко | 2.100 | до | 2.200 | 82 |
| преко | 2.200 | до | 2.300 | 88 |
| преко | 2.300 | до | 2.400 | 94 |
| преко | 2.400 | до | 2.500 | 101 |
| преко | 2.500 | до | 2.600 | 108 |
| преко | 2.600 | до | 2.700 | 115 |
| преко | 2.700 | до | 2.800 | 122 |
| преко | 2.800 | до | 2.900 | 130 |
| преко | 2.900 | до | 3.000 | 138 |
| преко | 3.000 | до | 3.100 | 146 |
| преко | 3.100 | до | 3.200 | 154 |
| преко | 3.200 | до | 3.300 | 163 |
| преко | 3.300 | до | 3.400 | 172 |
| преко | 3.400 | до | 3.500 | 181 |
| преко | 3.500 | до | 3.600 | 190 |
| преко | 3.600 | до | 3.700 | 200 |
| преко | 3.700 | до | 3.800 | 210 |
| преко | 3.800 | до | 3.900 | 220 |
| преко | 3.900 | до | 4.000 | 230 |
| преко | 4.000 | до | 4.100 | 240 |
| преко | 4.100 | до | 4.200 | 250 |
| преко | 4.200 | до | 4.300 | 261 |
| преко | 4.300 | до | 4.400 | 272 |
| преко | 4.400 | до | 4.500 | 283 |
| преко | 4.500 | до | 4.600 | 294 |
| преко | 4.600 | до | 4.700 | 305 |
| преко | 4.700 | до | 4.800 | 316 |
| преко | 4.800 | до | 4.900 | 328 |
| преко | 4.900 | до | 5.000 | 340 |
| преко | 5.000 | до | 5.100 | 352 |
| преко | 5.100 | до | 5.200 | 364 |
| преко | 5.200 | до | 5.300 | 376 |
| преко | 5.300 | до | 5.400 | 388 |
| преко | 5.400 | до | 5.500 | 401 |
| преко | 5.500 | до | 5.600 | 414 |
| преко | 5.600 | до | 5.700 | 427 |
| преко | 5.700 | до | 5.800 | 440 |
| преко | 5.800 | до | 5.900 | 454 |
| преко | 5.900 | до | 6.000 | 468 |
| преко | 6.000 | до | 6.100 | 482 |
| преко | 6.100 | до | 6.200 | 496 |
| преку | 6.200 | до | 6.300 | 510 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| преку | 6.300 | до | 6.400 | 525 |
| преку | 6.400 | до | 6.500 | 540 |
| преку | 6.500 | до | 6.600 | 555 |
| преку | 6.600 | до | 6.700 | 570 |
| преку | 6.700 | до | 6.800 | 586 |
| преку | 6.800 | до | 6.900 | 602 |
| преку | 6.900 | до | 7.000 | 618 |
| преку | 7.000 | до | 7.100 | 634 |
| преку | 7.100 | до | 7.200 | 650 |
| преку | 7.200 | до | 7.300 | 666 |
| преку | 7.300 | до | 7.400 | 682 |
| преку | 7.400 | до | 7.500 | 699 |
| преку | 7.500 | до | 7.600 | 716 |
| преку | 7.600 | до | 7.700 | 733 |
| преку | 7.700 | до | 7.800 | 750 |
| преку | 7.800 | до | 7.900 | 767 |
| преку | 7.900 | до | 8.000 | 784 |
| преку | 8.000 | до | 8.100 | 801 |
| преку | 8.100 | до | 8.200 | 819 |
| преку | 8.200 | до | 8.300 | 837 |
| преку | 8.300 | до | 8.400 | 855 |
| преку | 8.400 | до | 8.500 | 873 |
| преку | 8.500 | до | 8.600 | 891 |
| преку | 8.600 | до | 8.700 | 909 |
| преку | 8.700 | до | 8.800 | 927 |
| преку | 8.800 | до | 8.900 | 946 |
| преку | 8.900 | до | 9.000 | 965 |
| преку | 9.000 | до | 9.100 | 984 |
| преку | 9.100 | до | 9.200 | 1.003 |
| преку | 9.200 | до | 9.300 | 1.022 |
| преку | 9.300 | до | 9.400 | 1.041 |
| преку | 9.400 | до | 9.500 | 1.060 |
| преку | 9.500 | до | 9.600 | 1.080 |
| преку | 9.600 | до | 9.700 | 1.100 |
| преку | 9.700 | до | 9.800 | 1.120 |
| преку | 9.800 | до | 9.900 | 1.140 |
| преку | 9.900 | до | 10.000 | 1.160 |
| преку | 10.000 | до | 10.100 | 1.181 |
| преку | 10.100 | до | 10.200 | 1.202 |
| преку | 10.200 | до | 10.300 | 1.223 |
| преку | 10.300 | до | 10.400 | 1.244 |
| преку | 10.400 | до | 10.500 | 1.265 |
| преку | 10.500 | до | 10.600 | 1.287 |
| преку | 10.600 | до | 10.700 | 1.309 |
| преку | 10.700 | до | 10.800 | 1.331 |
| преку | 10.800 | до | 10.900 | 1.353 |
| преку | 10.900 | до | 11.000 | 1.375 |
| преку | 11.000 | до | 11.100 | 1.398 |
| преку | 11.100 | до | 11.200 | 1.421 |
| преку | 11.200 | до | 11.300 | 1.444 |
| преку | 11.300 | до | 11.400 | 1.467 |
| преку | 11.400 | до | 11.500 | 1.490 |
| преку | 11.500 | до | 11.600 | 1.514 |
| преку | 11.600 | до | 11.700 | 1.538 |
| преку | 11.700 | до | 11.800 | 1.562 |
| преку | 11.800 | до | 11.900 | 1.586 |
| преку | 11.900 | до | 12.000 | 1.610 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| преку 12.000 | до 13.000 | | 14% |
| преку 13.000 | до 14.000 | | 15% |
| преку 14.000 | до 15.000 | | 16% |
| преку 15.000 | до 16.000 | | 17% |
| преку 16.000 | до 17.000 | | 18% |
| преку 17.000 | до 18.000 | | 19% |
| преку 18.000 | | | 20% |

На заработуачките кои што не се исплќјат месечно, туку во покуси рокови, данокот се плакја спрема данакот кој што би се платил на соответната месечна заработуачка.

На приходите кој што не се повторуат туку се јавуат од случај до случај, данокот се плакја како да и се месечни.

Чл. 10

Исклучително од одредбите на претходниот член, овој данок го плакјаат:

1. — брежно-транспортните работници по стопа од 1%;

2. — сезонските земјоделски работници по стопа од 3%;

3. — кукјните помошници 300 динари годишно;

4. — носачите, пиљарите, уличните продавачи на весници, чистачите на чевли и слични работници, кои што вршат дејност претежно со применуење на сопствена работна сила:

а) во места до 5.000 жители 100.— динари годишно;

б) во места до 20.000 жители 150.— динари годишно;

в) во места до 50.000 жители 200.— динари годишно;

г) во места до 100.000 жители 400.— динари годишно;

Данокот по точка 3) и 4) должни се да го уплатуат сами тие работници полугодишно и това: првата половина на данокот до крај на месец јануари и втората половина до крај на месец јули. Ако овие работници започнат со дејност после одредените рокови, плакјаат данок во рок од 30 дена по започнуење на дејноста.

Чл. 11

Данокот на доход на работниците, намештениците и службениците се исплатуат преку обустава при исплатата на заработуачката.

Надлештвата, установите претпријатијата организациите и лицата, кои што ја вршат исплатата на заработуачката, должни се овој данок да го пресметаат и да го уплатат најдоцна за 5 дена по исплатата на заработуачката.

Министерот на финансиите може да ореди овој данок да се плакја и во други рокови.

Кога заработуачката ја исплатуе лице чие местоживеење односно седиштето е во иностранство или кое што ужива право на екстериторијалност во земјата, примателот на сработуачката е должен сам да го плати данокот.

Чл. 12

На неблаговремено платен данок од чл. 9 и 10 на оваа Уредба, ке се смета и наплатата камата за секој ден на задоцнуењето и това на работниците и службениците, кои што се обврзани сами да го плакјаат данокот 0.1%, а на лицата кои што се должни да го обуставуат данокот при исплатата на приходите — 0,2%.

На неблаговремено платен данок државните стопански претпријатија и установи плакјаат редовно камата од 6% годишно.

Службениците на државните надлештва и установи и на државните стопански претпријатија, кои што се одговорни за неблаговремено плакјање на данокот, ке се казнат дисциплински за даночна неуреденост.

Чл. 13

Избрани народни пратеници плакјаат данок на наградите за своата работа по одредбите за данокот на доход на работниците, намештениците и службениците.

## III — НАЧЕЛНИ ОДРЕДБИ ЗА ОСТАНАЛИТЕ ВИДОВИ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД

### 1. — Данок на доход на земјоделците

Чл. 14

Данок на доход на земјоделците плакјаат домакинствата кои што се занимават со земјоделие.

Чл. 15

Во основата за оданочуење влегуат сите приходи кој што се стечени на територијата на една околија односно град во текот на една година.

Во основата за оданочуење влегуат и приходите, кој што би се добиле од земјиштето наменето за земјоделска обработка во текот на годишната, а кое што обврзникот не го обработил

Чл. 16

Во основата за оданочуење не влегуат:

1. — приходите на кој што се плакја данок на доход на работниците, намештениците и службениците и други приходи на кој што се наплатуе данок преку убостава при исплата на приходите (чл. 27), Исклучително приходот од вид на провизија за посредуење има да се внесуе во даночната основа со тоа што вкупниот обложен данок ке се смали со данокот кој што е платен преку обустава;

2. — приходите на кој што се плакја данок на доход на кооперациите; и

3. — наемната вредност на селските згради кој што земјоделските домакинства ги употребуат за живеење или за земјоделски цели.

Селските земјоделски домакинства, кој што поред приходите од земјоделието имаат приходи од претпријатијата и занајати, плакјаат данок на приход од згради.

Чл. 17

Данок на доход на земјоделците се плакја по следната скала:

| Од даночна основа | | Даночна стопа (%) |
|---|---|---|
| Преку | до | |
| | 2,500 | [illegible] |
| 2,500 | 5,000 | [illegible] |
| 5,000 | 7,500 | [illegible] |
| 7,500 | 10,000 | [illegible] |
| 10,000 | 12,500 | [illegible] |
| 12,500 | 15,000 | [illegible] |
| 15,000 | 17,500 | [illegible] |
| 17,500 | 20,000 | [illegible] |
| 20,000 | 22,500 | [illegible] |
| 22,500 | 25,000 | [illegible] |
| 25,000 | 27,500 | [illegible] |
| 27,500 | 30,000 | 10 |
| 30,000 | 35,000 | [illegible] |
| 35,000 | 40,000 | [illegible] |
| 40,000 | 45,000 | [illegible] |
| 45,000 | 50,000 | 14 |
| 50,000 | 55,000 | [illegible] |

| | | |
|---|---|---|
| 55.000 | 60.000 | 16 |
| 60.000 | 65.000 | 17 |
| 65.000 | 70.000 | 18 |
| 70.000 | 75.000 | 19 |
| 75.000 | 80.000 | 20 |
| 80.000 | 85.000 | 21 |
| 85.000 | 90.000 | 22 |
| 90.000 | 95.000 | 23 |
| 95.000 | 100.000 | 24 |
| 100.000 | 105.000 | 25 |
| 105.000 | 110.000 | 26 |
| 110.000 | 115.000 | 27 |
| 115.000 | 120.000 | 28 |
| 120.000 | 125.000 | 29 |
| 125.000 | 130.000 | 30 |
| 130.000 | 135.000 | 31 |
| 135.000 | 140.000 | 32 |
| 140.000 | 145.000 | 33 |
| 145.000 | 150.000 | 34 |
| 150.000 | | 35 |

Чл. 18

Земјоделските домакинства чии приходи кои што влегуат во даночната основа потекнуат во поголем дел од земјоделие и споредни гранки во земјоделието, а во по мал дел од извори вон од земјоделието, ке се обложат со данок по стопи те од чл. 17 на оваа Уредба, зголемени за 1.

Земјоделските домакинства чии приходи кој што влегуат во даночната основа потекнуат во поголем дел од земјоделие и споредни гранки на земјоделието, а во поголем дел од извори вон земјоделието, ке се обложат со данок по стопите од чл. 17 од оваа Уредба, зголемени за 3.

Земјоделските домакинства чии членови кои што се занимават со земјоделие во исто време се и членови на селски трудови кооперации ке се обложат со данок по стопите од чл. 17 на оваа Уредба, односно од претходните ставови на овој член, смалени за 2.

Чл. 19

Земјоделски домакинства чии годишен доход не преидув 15.000. — динари, а кои имат малолетни деца или возрасни членови неспособни за работа им се признава следните олеснениja:

ако имат најмалку три деца данокот им се смалув за 20%. а за секое друго дете след трите уште за 10%.

Возрасните членови неспособни за работа се изједначуат со малолетните деца.

Ова олеснение важи само тогај во колку малолетните деца односно возрасните членови неспособни за работа немат никаков друг доход.

Како малолетни деца се сметат брачни, вонбрачни, созконети и усвоени деца од членовите на домакинството, кои не навршиле 14 односно ако се школуат, 18 години возраст.

Како возрасни членови неспособни за работа се сметат членови преку 14 односно 18 години, кои се заради физичка или душевна неспособност или заради старост не способни за секаква дејност.

Најбедните земјоделски домакинства кои што немаат повеке од еден член способен за работа и не постигнуат повеке од 1.000. — динари приход од земјоделието а немаат други извори на приходи, можат да бидат ослободени од данок на доход со решение на извршниот околиски, градски односно реонски народен одбор, а по предлог на даночната комисија, кој што не се дава на основа стеченото мнение на јавната расправа.

Чл. 20

Данок на доход на кооперациите плакјаат кооперациите и кооперативните сојузи на сите приходи од стопанската дејност и имоти: кој што се добиеви во текот на една календарска година.

Чл. 21

Данок по овој вид плакјаат:

1. — селските трудови кооперации на сите свои приходи по пропорционална стопа од 3%;

2. — земјоделските произведуачко—преработуачките кооперации (сточарски, лозарски, рибарски и слични кооперации) кои што своите правила ги сообразиле со Основниот закон за кооперациите;

а) на приходите, кои што во текот на годината ги исплатуат на членовите спрема нивната дејност, по ставовите пропишани за оданочуење на заработуачката на работниците, намештениците и службениците;

б) на приходите кои што се делат на членовите спрема обимот на нивната дејност со кооперацијата, спрема удели те или спрема инвентарот внесен во кооперацијата а кои што не преjдуат 50.000 — динари по стопите пропишани во чл. 17 на оваа Уредба, смалени за 2, а на приходите преку 50.000. — динари по стопата од 13%; и

в) на другите приходи кои што кооперациите и кооперативните сојузи ги внесуат во фондовите по стопата од 3%.

Како земјоделските произведуачко-преработуачки кооперации ке плакјат данок и земјоделските набавно—продавачки кооперации, кои што својата дејност и своите правила ги сообразиле со Основниот закон за кооперациите;

3. — сите други кооперации:

а) на приходите кои што во текот на годината им исплатуат на членовите спрема нивната дејност по ставовите пропишани за оданочуење заработуачката на работниците, намештениците и службениците;

б) на приходите кои што се делат на членовите спрема инвентарот внесен во кооп[р]ацијата, а кои што не преjдуат 50.000. — динари, по стопите пропишани во чл. 17 на оваа Уредба, а на приходите преку 50.000. — динари по стопа од 15%; и

в) на другите приходи, кои што кооперациите и кооперативните сојузи ги внесуат во фондови, по пропорционална стопа од 4%.

Данокот на приходите по точка 2 а и 3 а се наплатуе при исплатата на приходите во се по прописите на данокот на доход на работниците, намештениците службениците.

Вишокот на заработуачката, кој што на крајот на годината се дели на членовите на кооперацијата од точка 2 и 3 спрема нивната дејност, ке се оданочуе како месечна заработуачка на работниците, намештениците и службениците.

На приходите од точка 2 б и 3 б се применуат стопите кои што одговараат на височината на приходите на секој кооператор одделно. Кооперациите и сојузите ке го одбиват овој данок од приходите при исплатата.

Чл. 22

Кооперациите и кооперативните сојузи не плакјаат данок на приходите, кои што ги внесуат во фондот за инвестиции и во фондот за културно—просветни цели.

3. — Данокот на доход на општествените организации.

Чл. 23

Општествените организации плаќаат данок на доход на сите приходи од својата дејност и имоти, кој што се добиени во текот на една календарска година.

Чл. 24

Во основа за оданочуење не влегуат приходите, кои што општествените организации ги примаат од своите членови во вид на уписнини и членарина, ниги приходите од онае извори, кои што непосредно служат на целите на организацијата.

Чл. 25

Данок на доход од часни занимања и имоти се плаќа

1. — на приходите од издавачка, културна, просветна, уметничка и слична дејност, кои што не приидуат 35.000. — динари по стопите пропишани во чл. 17 од оваа Уредба смалени за 2, а на приходите преку 35.000 — динари по стопа од 11%; и

2. — на приходите од стопанска дејност, кој што не преідуат 50.000 — динари по стопите пропишани во чл. 17 од оваа Уредба, а на приходи преку 50.000 динари по стопа од 15%.

Данок на доход од часни занимања и имоти се плаќа данок.

Чл. 26

Данок на доход од часни занимања и имоти се плаќа преку обустава при примањето на приходите, во постојани износи или во проценти од промет врз основа на облогот.

а) данок кој што се плаќа преку обустави:

Чл. 27

Преку обустави при примање на приходите плаќаат данок:

а) сопствениците на хартии од вредност и удели во стопанска претпријатија: на приходите од хартии од вредност и удели;

б) примателите на камати по заеми: на примени или одбрени камати;

в) примателите на приходи од патенти, изуми и технички усовршуења: на овие приходи.

На напред наведените лица им се пресметуе данокот по прогресивната стопа која што се обложуе данокот и доход од имоти (чл. 37 од оваа Уредба);

г) продавачите на лозови на Државната класна лотарија, на провизии од продавачката на лозови, по стопа од 5%;

д) добитниците на згодитоци од лозови и други хартии од вредност на добивката од лозови и други хартии од вредности, по стопа од 10%;

ѓ) добитниците на опклади во готови пари на трки и спортски и други приредби; на добивката по опкладите, по стопа од 10%; и

е) примателите на провизии за посредуење: на примени провизии по ставовите за оданочуење заработувачката на работниците, намештениците и службениците зголемени за 25%.

На приходите од точка б, в, и е од претходниот став се плаќа данок преку обустави само во случај кога овие приходи да ги исплатуат лица задолжени на водење работни книги.

Министерот на финансиите може да одреди да се данокот плаќа преку обустави и на други приходи.

Чл. 28

Лице кое што врши исплата на приходите, задржуе данок од примателите на приходите и го уплаќа на начин и во рокови одредени за данокот на доход на работниците, намештениците и службениците.

Чл. 29

Данок, кои се наплатуе преку обустава не се плаќа:

1.— на приходите од улози и штедња;

2.— на вишокот од осигуранот капитал преку уплатени премии во случај на доживуење;

3.— на осигураните ренти; и

4.— на добивките од лозови на државната класна лотарија и лозови на социјалните и хуманите установи.

## ДАНОКОТ КОЈ ШТО СЕ ПЛАКЈА ВО ПОСТОЈАНИ ИЗНОСИ ИЛИ ВО ПРОЦЕНТИ ОД ПРОМЕТОТ

Чл. 30

На приходите од занаjатија, кои не се вршат во едно место, туку со одење од место до место, како улични продавачи и слично, се плаќа данок на доход во паушален износ според бројот на жителите во местото во кое занаjатието се врши, и тоа:

Во место до 5.000.— жители динари 200 годишно

Во места до 10.000.— жители динари 300 годишно

Во места до 20.000.— жители динари 400 годишно

Во места до 50.000.— жители динари 600 годишно

Во места преку 50.000.— жители динари 800 годишно

Занаетчии и слично, кои патуат плаќаат во име на данок на доход 250 динари годишно.

Ако напред наведените обврзници почнат дејност во другата половина на годината, плаќаат данок во половина од горе наведените износи.

За театралните приредби, циркуси и слично, кои не се вршат во едно место, туку со одење од место на место, се плаќа на име данок на доход 2% од направениот промет од секој случај и тоа едновремено со плаќањето на данокот на промет.

в) — Данок кои се плаќа врз основа на облог:

Чл. 31

Данок на доход од часни занимања и имоти врз основа на облог плаќаат домаќинства на граѓани и правоправни лица, кои што на територијата на Народна Република Македонија остваруат било какви приходи на кои што не се плаќа данок по некој друг вид на данок на доход, ниту данок во овој вид кој што се исплатуе преку обустава (чл. 29) или данок во постојани износи или во процент во прометот (чл. 30). Исклучително приход во вид на провизија за посредуење може да се внесе во даночната основа, со тоа да се вкупно обложениот данок смали со данокот кој што е платен преку обустава.

Чл. 32

Како основа за облагање на овој данок се земат вкупно остварените приходи на едно домаќинство на територијата на една околија односно град во календарската година за која што се врши облогот.

Кај правните лица како основа се зема остварениот приход на територијата од целата држава.

Чл. 33

Основата за оданочуење се утврдуе кога од постигнатиот бруто приход во пари и во натура се одбијат трошковите кои што биле потребни за остваруење на приходот.

Како стварно постигнат бруто приход се смета и наемната вредност на зградата, која што даночниот обврзник ја исползуе сам или ја дава на друг на бесплатна употреба.

Трошковите потребни за остваруење на приходите се попзнаваат во стварните износи, но можат да бидат одредени и во проценти од бруто приходите.

Не можат да се сметаат за трошкови потребни за остваруење на приходите.

1 — Платениот данок на доход, месната доходарина, данокот на наследства и подароци и месниот самодопринос;

2 — личните трошкови на даночниот обврзник (на домакинството и членовите на домакинството) макар во кој вид;

3 — каматите на уложен сопствен капитал;

4 — загубите од претходните работни години;

5 — наградите на членовите на управниот и надзорниот одбор; и

6 — платите на сопствениците на претпријатијата и членовите на нивните домакинства подразбирајки ги овде и платите на содржените сопственици во имотот на правните лица и платите на членовите на нивните домакинства.

Чл. 34

Трошковите за одржување и амортизација на зградите ќе се приспаднат од бруто приходот во следните размери:

Ако зградата е созидана:

| | |
|---|---|
| а) од тврд материјал | 15% |
| б) од мешовит материјал | 20% |
| в) од слаб материјал | 30% |

Чл. 35

При облогот на овој данок можат да се признаат ослободувањата од чл. 19 од оваја Уредба.

Чл. 36

Данокот кој што се наплатуе врз основа на облогот не ќе се плаќа:

1 — на приходите од згради кои што се после војната подигнати, довршени или поправени под условите пропишани во Уредбата за финансови олеснуења за подигање нови, довршуење на започнати и поправање оштетени жилишни згради од 15 мај 1946 година;

2 — на приходите од згради на туѓи држави во кои што се сместени нивните дипломатски и конзуларни преставителства или во кои што живејат нивните службеници под услов на реципроцитет; и

3 — на приходите од научна, книжевна, уметничка и публицистичка дејност до 200.000.— динари годишно. Вишокот на приходите, кој што прејдуе 200.000.— динари подлежуе на плаќање данок, по стопа од 20%.

Чл. 37

Данок на доход од часни занимања и имоти врз основа на облогот се плаќа по следната скала:

| Даночна основа | | Скала I % | Скала II % |
|---|---|---|---|
| | До 5.000 | 7 | 10 |
| Преку 5.000 | 7.500 | 8 | 11 |
| 7.500 | 10.000 | 9 | 12 |
| 10.000 | 12.500 | 9,5 | 12,5 |
| 12.500 | 15.000 | 10 | 13 |
| 15.000 | 17.500 | 10,5 | 13,5 |
| 17.500 | 20.000 | 11 | 14 |
| 20.000 | 22.500 | 11,5 | 14,5 |
| 22.500 | 25.000 | 12 | 15 |
| 25.000 | 27.500 | 12,5 | 15,5 |
| 27.500 | 30.000 | 13 | 16 |
| 30.000 | 35.000 | 14 | 17 |
| 35.000 | 40.000 | 15 | 18 |
| 40.000 | 45.000 | 16 | 19 |
| 45.000 | 50.000 | 17 | 20 |
| 50.000 | 55.000 | 18 | 22 |
| 55.000 | 60.000 | 19 | 23 |
| 60.000 | 65.000 | 20 | 24 |
| 65.000 | 70.000 | 21 | 25 |
| 70.000 | 75.000 | 22 | 26 |
| 75.000 | 80.000 | 23 | 27 |
| 80.000 | 85.000 | 24 | 28 |
| 85.000 | 90.000 | 25 | 29 |
| 90.000 | 95.000 | 26 | 30 |
| 95.000 | 100.000 | 27 | 31 |
| 100.000 | 110.000 | 29 | 33 |
| 110.000 | 120.000 | 31 | 35 |
| 120.000 | 130.000 | 33 | 37 |
| 130.000 | 140.000 | 35 | 39 |
| 140.000 | 150.000 | 37 | 41 |
| 150.000 | 160.000 | 39 | 43 |
| 160.000 | 170.000 | 41 | 45 |
| 170.000 | 180.000 | 43 | 47 |
| 180.000 | 190.000 | 45 | 49 |
| 190.000 | 200.000 | 47 | 51 |

Доход на даночните обврзници, кои не облагат по стопите на овој член, ако им даночната основа преидуе 200.000.— динари, ќе се облагат така, да последните стопи од двете скали ќе се уголемуат со 1 за секој 20.000.— динари.

По стопите од I скала ќе се облага доходот на обврзниците занаjатчии, лекари, дентисти и бабици.

По стопите од II скала ќе се облага доходот од часни занимања и имоти на сите други даночни обврзници.

Даночните обврзници кои што имаат приходи само од имоти и даночните обврзници занаjатчии кои што покрај приходот од занаjатот имаат приходи и од имоти во износ не поголем од 6.000.— динари, ќе се облагат по скалата I од овој член; а ако тие приходи изнесуат над 6.000.— динари ќе се облагат по скалата II од овој член.

Работниците, намештениците и службениците, кои што имаат приходи од имоти во износ не поголем од 6.000.— динари, ќе се облагат по скала I, а ако имаат приходи над 6.000.— динари, ќе се облагат по скала II од овој член.

Чл. 38

На даночните обврзници од чл. 32, чии годишен доход не преидуе 15.000.— динари, им се смалуе данокот за 20%, ако имат три малолетни деца, а за секое друго над трите уште за 10%.

Даночната комисија се состои од 3–7 члена и исто толку заменици.

Чл. 39

При облагањето со данок по прогресивни даночни стопи данокот по повисоката даночна стопа неможе да биде поголем од данокот по најблиската пониска стопа, зголемен со разликата на приходите заради кој што би имало да се примени повисока даночна стопа. Ова правило важи и при пресметуењето данокот по прогресивните ставови.

Чл. 40

При засметуењето данокот разломците до 50 пари не се земаат во оглед а преку 50 пари се заокружуат на цел динар.

Чл. 41

За височината на утврдената даночна основа и на одложениот данок, даночните обврзници мора да се известат со објавуење на облагателната листа, која ќе стои на јавен увид 8 дена. По изминуењето на овија 8 дена, почнуе да тече жалбениот рок.

4 — Наплата на данокот

Чл. 42

До облогот на данокот се плаќа акontација која што по правило се одредуве спрема последнотo извршено задолжение.

Во случај на значителни зголемуења или смалуења на приходот во текот на годината, може и аконтацијата да се зголеми односно да се смали.

На нови даночни обврзници аконтацијата им се одредуве врз основа на резултатот на едномесечна дејност или од споредуење со слични обврзници.

Решение по ст. 2 од овој член за одделни случаи донесуве прочелникот на финансовиот отсек а општо за целата територија на Народна Република Македонија или за одделни околии и места решенија за намалуење или уголемуење на аконтацијата Министерот на финансиите.

Чл. 43

Селски трудови кооперации и земјоделски домаќинства плаќаат данок во два еднаква годишна оброка: до 15 август и до 15 октомври.

Други кооперации плаќаат данок: а — на приходите кој што им ги исплатуат на членовите, во роковите предвидени за плаќање данок на доход на работниците, намештениците и службениците; и б — на приходите кои што се внесуат во кооперативни фондови, во роковите одредени во следниот став.

Општествените организации и обврзници на данок на доход од чисни занимања и имот врз основа на облог плаќаат, данок во 4 еднакви годишни оброци: до 15 јануари, до 15 април, до 15 јули, до 15 октомври.

Нови даночни обврзници го плаќаат доспелиот дел на одредената аконтација во рок од десет дена од денот на соопштуењето на решението за одредуење на аконтацијата.

Разликата мегју обложениот данок и уплатените аконтации се плаќа во рок од десет дена по соопштуењето на решението за облогот.

Данокот во постојани износи се плаќа во роковите предвидени во став 2 чл. 10 на оваја Уредба.

Данокот на доход во процент од извршениот промет се плаќа едновремено со данокот на промет на производи.

Од даночни обврзници од првиот став на овој член кои што идат до приходи од земјоделие пред 15 август односно пред 15 октомври, или кои што имаат знатни приходи и од други занимања, може да се собира данок и пред роковите определени во став први од овој член.

Чл. 44

Повеќе платен данок од едногодишно задолжение се враќа на даночниот обврзник по негово барање.

Чл. 45

На износите на данокот кои што не се платени во роковите одредени со оваја Уредба ќе се смета годишната камата во износ од 6%, доколку не е предвидена казнена камата.

На земјоделските домаќинства кои што плаќаат данок на последниот став на чл. 43 од оваја Уредба, лихва за неплатен данок доспел, ќе се смета од 15 август за првиот оброк односно од 15 октомври за вториот оброк.

Казнената камата, освем во случаи на неблаговремена уплата на данок на доход на работниците, намештениците и службениците се наплатуе уште:

1 — од лица (правни и физички), кои што се должни да при исплатата на приходите обустават данок, ако на државната каса не го предадат данокот во одредените рокови 0,2% за секој ден задоцнение; и

2 — од даночни обврзници, кои што плаќаат данок во постојанен износ или во процент, од прометот ако данокот не го платат благовремено 0,1% за секој ден задоцнение.

Чл. 46

Редовна наплата на данок го вршат околиските и градските односно реонските извршни одбори кај кои што даночниот обврзник е задолжен со данок и тоа по правило преку месните народни одбори.

Наплатата на данок може да се врши и преку комисии образуени за таа цел. Комисиите се образуат при месните народни одбори, а по потреба можат да бидат образуени и при околиските-градските и реонски народни одбори.

Чл. 47

До донесуењето на општи прописи од Владата на ФНРЈ за принудителна наплата на даноците Министерот на финансиите на Народна Република Македонија може да пропишуе одредби по кои ќе се врши принудна наплата за територијата на Народна Република Македонија.

Чл. 48

Ако правно лице има работни огранки на територии на други народни републики, обложениот данок на доход ќе се раздели мегју народните републики на чии територии се наогјаат тие огранки. Делбата има да се изврши во сразмера со постигнатиот бруто приход на територите на одделни народни републики од кои претходно ќе се издвои 10% од данокот на доход за местото на седиштето на правното лице. Ако некаде нема бруто приход или овој неможе да се утврди, делбата на останатите 90% од данокот на доход ќе се изврши спрема извршениот бруто промет.

Делбата на данокот на доход по претходен став има да ја изврши органот, кој што го врши облогот на данокот.

Чл. 49

Во оправдан случај може да се одобри почек на плаќање на данокот. Решение за почек до 10.000.— динари донесуе прочелникот на финансовиот отсек, а преку овој износ извршниот одбор на соответниот околиски, градски односно реонски народен одбор.

## V — ДАНОЧНА УТАЈА И ДАНОЧНИ НЕУРЕДНОСТИ

Чл. 50

Казна за утаја на данокот по последниот став на чл. 39 од Законот за даноците ја плаќаат во постоток од утаениот данок, а спрема времето за кое што е данокот недоцна платен, со това да казната неможе да го преминуве петострукиот износ на утаениот данок:

1. — лица кој што се должни при исплатата на приходите да пресметуат и да платат данок, ако обуставениот данок не го предадат на надлежната државна каса; и

2 — даночни обврзници кој што плаќаат данок во постојанен износ, ако во една година не се пријавиле како обврзници. Казната ќе се исплати од лицата по точ. 1 во постоток од 1% а од лицата по точка 2 во постотак од 0.3% дневно.

2 — Даночната неуредност.

Чл. 51

Ако е пропуштено даночниот обврзник да поднесе даночна пријава на местот не ја поднесе во ораден рок, ќе плати на име казна 3% од обложениот данок, а ако пријавата не ја поднесе ни на писмен позив во одреден рок, ќе плати на име казна 6% од обложениот данок. Казната за неподнесуење на пријава не може да биде поголема од 50.000 динари. Казната се одмеруе едновремено со данокот и во се ја дели садбата на данокот.

Чл. 52

Даночни обврзници кои што не поднесат никаква друга пријава, која што се должни да ја поднесат, ќе се казнат парично до 5.000.— динари. Векa ќе се казнат и лица кои што во барањето на народниот одбор надлежен за облог на данокот не дадат потребни податоци за облог на својот или туѓ данок.

Чл. 53

Лице кај кое што работи куќни помошник кој не платил данок, ќе се казни парично до 200.— динари.

Чл. 54

Даночни обврзници и други лица кои што побарање на овластениот орган не дозволат преглед на работните книги и документи, работните простории и инсталации или запаси на суровини, материјали и готови производи, ќе се казнат парично до 200.000.— динари.

VI ЖАЛБИ

Чл. 55

Против сите првостепени решенија, донесени по оваа Уредба има место на жалба во рок од 30 дена од денот на врачуењето само еднаш на непосредно повисокиот орган и тоа против решенијата на околиските и градските народни одбори до Министерството на финансиите, а против решенијата на реонските народни одбори во Скопје, на Градскиот народен одбор — Скопје.

Органот кој што е надлежен на донесуење на решение по жалбата, донесуе решение кое што му се соопштуе на жалителот и на повереникот за финансиите на Околискиот, градскиот односно реонскиот народен одбор.

Поднесената жалба не ја задржава наплатата на данокот.

VII ЗАСТАРЕЛОСТ

Чл. 56

Правото на државата за изречуење на казна застаруе 5 години по истекот на годината за кој што требало да се изврши облогот.

Правото на државата за изречуење на казна застаруе застаруе за 5 години по истекот на годината за која што направено.

Правото на државата на наплата на данокот и казна застаруе за 5 години по истекот на годината за која што требало да се изврши наплатата.

Правото на даночниот обврзник на враќање на данокот и казната кои што не бил должен да ги плати, застаруе за 5 години по истекот на годината во која што е извршена уплатата на данокот односно казната.

Чл. 57

Државата има првенствено право за наплата на данокот, каматата и казната од приходите и имотот на даночниот обврзник односно на гарантот за време од 5 години по истекот на годината во која што е облогот на данокот или одмерената казна соопштена на даночниот обврзник односно во која што требало да го плати данокот, кои што се наплатуе преку обустава во постојанен износ односно во процент од приметот.

Чл. 58

При преносот на недвижимиот имот, преносителот на имотот е должен да поднесе уверение за платениот данок, во противно преносот не смее да се изврши.

VIII — ПРИХОДИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Чл. 59

Колонистите кои што се населени по Законот за аграрна реформа и колонизација од 23 август 1945 година и селските трудови кооперации и се ослобдуат од данок на доход до крај на 1947 година.

Чл. 60

Одредбите на оваа Уредба за даноците кои што се наплатуат преку обустава при исплатата на приходите, ќе се применуат од првата исплата по влегуењето во сила, на Уредбата за данокот на доход на Владата на ФНРЈ а во поглед на данокот во постојани износи, доколку данокот на фиксниот став не е платен или не плати до 30 јуни 1947 год. по Законот за непосредни даноци од 11 август 1946 година.

Чл. 61

Ако добивањето или губењето на некакви права зависи од височината на данокот, ќе се земе во обзир само данокот на доход.

Чл. 62

Се овластуе Министерот на финансиите на Народна Република Македонија да издава Напатствија за извршуење на оваа Уредба

Чл. 63

Оваа Уредба влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применуе од 1 јануари 1947 година, доколку во нејзе во Законот за даноците и Уредбата за данок на доход од Владата на ФНРЈ, не е инаку пропишано.

Скопје, 21 мај 1947 год. — Бр. 4778.

Претседател на Владата на НРМ
Лазар Колишевски, с. р.

Министер на финансиите
Даре Џамбаз, с. р.

**180**

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување Уредби по прашањата за народното стопанство и обновата на земјата, Владата на Народна Република Македонија пропишува следната

# Уредба
# за запазуење на замјоделските имоти

Член 1

Запазуењето на сите земјоделски полски имоти, движими и недвижими, за времена или постојана полска работа, како и сите земјоделски плодови, дека се на нивата, лозјето и другаде, се поверуе на местните односно градските (реонските) народни одбори, во чие подрачие се навоѓаат истите.

Член 2

Местните односно градските (реонските) народни одбори спрема местните услвија организираат и надгледуат пазењето на земјоделските полски имоти преку полски чувари.

Член 3

Извршителите на штети причинени на земјоделски полски имоти, култури и средства за производство, се казнуат согласно прописите на оваа Уредба само во случаите, кога тие не претставуат кривично дело саботажа, кое се казни по Законот за сузбивање недопуштената трговија, недопуштената шпекулација и стопанска саботажа.

Член 4

Забрането е пуштањето и пасењето на добиток во туѓ имот, през кое и да било време во годината, без одобрение од сопственикот на имотот, како и пасењето на добиток без пазач, осем во заградени места.

Пасењето на добиток по ендеците, патиштата, струништата и воопште во нивите после прибирањето на летината како и по ливади после косењето стануе со решение на месниот, односно градскиот (реонскиот) народен одбор, според месните обичаи.

Нарушителите се казнуат со парична казна и тоа:

а) За глава едор добиток по 50 до 300 динари,

б) За глава дребен добиток по 20 до 100 динари и

в) За секоја птица по 10 до 20 динари.

Член 5

Забранено е влегувањето и минуењето преку туѓ имот лозје, нива бавча, овоштна градина и сл. без одобрение од сопственикот на имотот.

Нарушителите се казнуат со парична казна од 50 до 500 динари.

Забраната од ст. 1 на овој член не се однесуе за лица на кои им е нужно да минат преку туѓ имот по служебна работа или лица кои имаат право на некои служебности на туѓ имот.

Член 6

Забранено е уништуењето, премахнуењето или преместуењето на предмет или белег, положен или направен да означи граница или меѓа, сторено со намерение да не на другого причини штета.

Нарушителите се казнуат со присилна работа без лишение од слобода до еден месец или само со парична казна од 50 до 1.500 динари.

Член 7

Кој неовластено искорени туѓи посеви, лозенк или овоштни дрвја со намерение да ги противзаконо присвои, ќе се казнуе со присилна работа без лишение од слобода до два месеца и парична казна од 500 до 5.000 динари.

Член 8

Самоволно брање на плодови од туѓи овоштни дрвја и бавчи, лозја, како плодови од други земјоделски култури, а исто така и брањето на црешневи и цвеклови лисја, лозови прачки и др. ќе се казни со присилна работа без лишение од слобода до два месеца и со парична казна до 3.000 динари или само со парична казна од 50 до 3.000 динари.

Член 9

Кој украде предмет или произведенија на земјоделско стопанство, кои по својата природа или обичај не се под постојанен надзор, како на пример: сено на ливада, снопови на нива, жито на гумно; слама, обрани и оставени на имотот (нивата) плодови, колци за лозја, предмети од инвентарот на земјоделско стопанство, ќе се казни со лишение од слобода со присилна работа до десет години

Член 10

Кој оштети, уништи или украде туѓи пчелни кошари или пчеларски потреби ќе се казни со лишуење од слобода од еден месец до две години или со присилна работа без лишение од слобода, а ако штетата не е поголема од 1000 динари или е кривичното дело особено лесно, извршителот ќе се казни со присилна работа без лишение од слобода до два месеца или само со парична казна од 500 до 10.000 динари.

Ако оштетуењето или уништуењето се изврши од нехат, извршителот ќе се казни со присилна работа без лишение од слобода од 10 дена до шест месеци или само со парична казна од 500 до 10.000 динари.

Член 11

Забранено е уништуењето (вадењето, скубењето и одсечењето) на цели или делови од туѓи плодни насаждениjа — дрва, лозја, или други растенија (уништуењето или распалуењето на туѓи снопја, сено и др. земјоделски произведенија.

Нарушителите ќе се казнуат со присилна работа без лишение од слобода до една година или само со парична од 500 до 5.000 динари.

Член 12

Кој умишлено запали туѓи снопови, сено, слама, стопански згради, земјоделски произведенија и др. во служба на земјоделското стопанство ќе се казни со лишение од слобода со присилна работа до десет години и со парична казна од 500 до 10.000 динари. Во по лесни случаи казната лишение од слобода со присилна работа може да се замени со лишение од слобода до две години.

Кривично дело од ст. 1 на овој член изршено од нехад ќе се казни со лишение од слобода до една година или со присилна работа без лишение од слобода до една година.

Член 13

Кој умишлено осакати или умртви туѓ добиток ќе се казни со присилна работа без лишение од слобода до два месеца, или само со парична казна од 200 до 2.000 динари.

Кривично дело од ст. 1 на овој член извршено од нехад ќе се казни само со парична казна од 200 до 1000 динари.

Член 14

Штетата причинена при прекршуење прописите на оваа Уредба задолжително се плаќа, независно од изречената казна.

Штетата се плаќа од извршителот или сопственикот на добитокот,

Член 15

После собраните докази и утврдената штета, месниот од носно градскиот (реонскиот) народен одбор во рамките на дадената му надлежност по прописите на оваа Уредба, донесуе решение, со кое наложуе на извршителот казна, плаќање на причинената штета, евентуалните расходи по чување и хранењето на добитокот и трошковите за патни и дневни пари на комисијата за установуење штетата и за нејната висина.

Редовните народни судови во рамките на дадената им во оваа Уредба надлежност, донесуат пресуда со која извршителот го осудуват на казна и друго, или го ослободуват од обвинението му.

Препис од решението односно пресудата се доставуе на извршителот на штетата односно на сопственикот на добитокот фанат во штета и на оштетениот. Во решението односно пресудата мора да се стави поука за правото на странките да можат да употребат жалба.

Член 16

Месниот односно градскиот (реонскиот) народен одбор е надлежен да донесуе решенија и налажуе казни за извршени нарушенија по прописите на оваа Уредба, ако за истите е одредена најголема казна: лишение од слобода до два месеца или исто толку принудна работа без лишение од слобода или лишение од слобода односно принудна работа без лишение од слобода со или без парична казна или само парична казна.

За потешките нарушенија односно кривични дела, за кои по оваа Уредба е одредена поголема или потешка казна од казните наведени во претходниот став надлежни се околиските судови во прв, а окружните во втор и последен степен. Предметите по кои се надлежни народните судови, по завршуење на процесните работи месните односно градските ,реонските народни одбори ги испракјаат на надлежниот јавен обвинител на предлог.

Член 17

Во месните народни одбори, кои немаат извршен одбор, решенијата ги донесуе претседателот и секретарот на одборот, а во другите месни народни одбори и во градските односно реонските народни одбори, решенијата ги донесуе повереникот на стопанскиот отсек односно надлежниот повереник.

Член 18

Против решенијата на месните односно градските (реонските) народни одбори и односно претседателот и секретарот во месните народни одбори, кои немаат извршен одбор, странките имаат право да вложат во срок од 8 дена по приемот на решението приговор до извршниот одбор во тие народни одбори кои имаат извршен одбор или жалба до соответниот орган на повисокиот народен одбор. Против решението на извршниот одбор по приговорот недоволната странка има право на жалба на повисокиот извршен одбор во срок од 8 дена по приемот на решението.

Против решението на претседателот и секретарот во тие месни народни одбори кои немаат извршен одбор, странките имаат право на жалба до соответниот орган на повисокиот народен одбор.

Жалбата или приговорот се поднесуат преку одборот кое е донел решението кое се обжалва.

Против пресудите донесени од надлежните околиски судови странките имаат право на жалба до надлежниот окружен суд во срок од 8 дена по приемот на пресудата.

Пресудата на надлежниот окружен суд е правосилна.

Член 19

Сумите собрани од парични казни изречени од надлежните народни одбори, согласно прописите на оваа Уредба, се внесуат во полза на месниот односно градскиот (реонскиот) народен одбор, на чие подрачје е извршена штетата.

Паричните казни изречени од надлежните народни судови одат во полза на републиканската каса.

Член 20

Се овластуе Министерот за земјоделие и шумарство на НРМ да пропише правилник за извршуењето на оваа Уредба.

Член 21

Со влегуењето во сила на оваа Уредба се укинуе Повелбата за запазуење на земјоделските имоти, донесена од Президиумот на Антифашистското собрание на народното ослободуење на Македонија од 6 II 1945 година објавена во „Службен весник на НРМ" бр. 6 од 12 мај 1945 година како и Уредбата за дополнение и изменение на Повелбата за запазуење на земјоделските имоти во Федерална Македонија, од 8 II 1945 година објавена во „Службен весник на НРМ" бр. 1 од 14 I 1946 година.

Неовршените предмети до влегуењето во сила на оваа Уредба ке се расправуат и решаваат односно судат по прописите на оваа Уредба.

Член 22

Оваа Уредба влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 4475 19 V 1947 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА НРМ,
Л. Колишевски, с. р.

МИНИСТЕР
НА ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ШУМАРСТВО НА НРМ,
К. Симовски с. р.

**181**

**Врз основа на чл. 9 од Уредбата за арондација на државните земјоделски стопанства под Управа на Министерството за земјоделие и шумарство на НР Македонија и народните одбори пропишуам**

# Правилник

**за приложуење Уредбата за арондација на државните земјоделски стопанства под Управа на Министерството за земјоделие и шумарство на НР Македонија и народните одбори**

Член 1

Уредбата за арондација на државните земјоделски стопанства под управа на Министерството за земјоделие и шумарство на НР Македонија и народните одбори ке се приложуе на сите неарондирани (негрупирани) земјоделски стопанства со кои што управуе Министерството за земјоделие и шумарство на НР Македонија, односно од него образуваните управи, одделенија и отсеци, на земјоделските стопанства со кои што управуат народните одбори, на стопанствата предвидени во бл. 1 под б, од Законот за државните земјоделски имоти и чл. 26 б, под 2, 27 и 28 точка б под 2 од Општиот закон за народните одбори, како и на земјоделски имоти, кои што служат за потребите за производството на ветеринарни серуми, вакцини и лекови, планински и школски имоти (стопанства).

## 182

**Врз основа на член 17 ст. 3 од Законот за адвокатурата Министерот на финансиите на НРМ во согласност со Министерот на правосудието на НРМ, пропишуе,**

# Правилник
## за работните (сметководните) книги на адвокатите

Чл. 1

Адвокатот е должен да ги води следните работни (сметководни) книги:

1. Дневник за работуењето.
2. Книга за странките.

Чл. 2

Во дневникот за работуењето мора да се внесуе:

1. Се што ја терети странката за вистински извршените издатоци или исплата;
2. Се што ја терети странката за извршените работи.
3. Се што е примено од странката или трети лица за сметка, или во полза на странката;
4. Сите канцелариски режиски трошкови.

Внесуењето на сумите во дневникот на работењето мора да се изврши истиот ден, кога издатоците, исплатите односно примањата последвале или работите (дејствијата) се извршени.

Дневникот за работењето мора да покаже во секое време точен и потполн преглед на работата на адвокатот.

Дневникот за работењето ке се води според приложениот образец I.

Чл. 3

Дневникот за работењето мора да биде подврзан, неговите листови нумерирани со редни броеви и прошиени со конец (јемственик) кој е прошиен низ сите листови а краjевите на конецот се прицврстени на внатрешната страна од корицата со печатот на финансискиот отсек (одел) на околискиот (градскиот) народен одбор.

Со заверката финасискиот отсек потврдуе колку листови има книгата. Заверката ја носи датата кога е извршена и бројот под кој е заведена.

Дневникот за работуењето мора да се води читливо, а евентуалните прецртуења мора да се извршат така, да прецртаното може да се прочете.

Меѓу редните бројеви не треба да остане ни еден ред празен. Редните броеви на дневникот течат од началото до крајот на книгата така, да секоја година одпочнуат со број 1.

Рубриките, кои во поедини случаи не требат да се исполнуат со каква ознака, ке се исполнат со водоравна црта (—), а оправданието по потреба да се внесе во рубриката „Забелешка".

Чл. 4

Во книгата за странките мора да се води засебна сметка за секоа странка.

Секоја ставка (впишуење) со која странката се задолжуе или со која и се нешто признава, мора да се пренесе секидневно од дневникот за работењето во книгата за странките.

Книгата за странките мора да покаже во секое време точен и потполн преглед за работата на адвокатот со странката.

Книгата за странките ке се води според приложениот образец под II.

Чл. 5

И за водење книгата за странките ке се приложат прописите на Чл. 3 ст. 3 и 4 од овој Правилник.

Член 6

Адвокатот или од него овластеното лице ке должни да издадат потврда за секое наплатуење примено од странката или од трето лице за сметка или во полза на странката.

Потврдата мора да биде издадена од книшката со нумерирани листови. Книшката мора да содржи оргинал и копие така, да копието од секоа потврда остануе во книшката.

Потврдата мора да содржи: реден број, дата, износ на наплатеното, означуење на лицето, кое што е извршило плаќањето, и странката за чија сметка или, во чија полза плаќањето е извршено, означуење на предметот на кој што се однесуе плаќањето и потписот на адвокатот или на друго овластено лице од неговата канцеларија, кое што го примило наплатуењето.

Адвокатот мора да ги одржава и чува во својата архива сите книшки со копијата од издадените потврди за време од 5 години.

Член 7

Неводењето или неуредното водење на книгите (Член 1) ке се казни по прописите кои што важат за неуредното водење на книги. Овоа казнуење не ја исклучуе дисциплинската одговорност на адвокатите за неводењето или неуредното водење на книгите.

Член 8

Задолжителното водење на книгите пропишани со овој Правилник почнуе со денот на стапуењето во сила на Правилникот за наградите за работата на адвокатите, кој ке биде донесен врз основа на Чл. 18 ст. 4 од Законот за адвокатурата.

Член 9

Овој Правилник влегуе во сила од денот кога ке се објави во „Службен весник на НРМ".

Бр. 318 — Скопје, 2 Јуни 1947 год.

Министер на правосудието,
В. Капајџиски, с. р.

Министер на финансиите
Д. Џамбаз, с. р.

Обр. 1

Стр.

## Дневник за работењето за 194 година

| Реден број | Дата | Редниот број на спisот | Предмет | Страната од Книгата за странките | ХОНОРАР: Задолжение — Тар.бр. | ХОНОРАР: Задолжение — Износ | ХОНОРАР: Примање | Примања и издавања за сметка на странката: Примање | Примања и издавања за сметка на странката: Издавање | Канцелариски разноски (режиа) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | | | | | | | | | | | |

Обр. 2

## Книга за странките

Името и адресата на странката

| Дата | Редниот број на дневникот | Реден број на списите | Предмет | Хонорар: Тар. бр. | Хонорар: Задолжение | Хонорар: Примање | Примање и издавање за сметка на странката: Примање | Примање и издавање за сметка на странката: Издавање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |

# Напатствија за водењето на адвокатските книги

### I — Дневникот за работењето (образец бр. 1)

1. Во рубриката 1 се впишуе редниот број на книжењето.

2. Во рубриката 2 се впишуе денот и месецот на книжењето.

3. Во рубриката 3 се впишуе бројот кој што е добил предметот (списот) во адвокатската канцеларија.

4. Во рубриката 4 се впишуе кратко опишуење на работата (на пр. „положена такса на тужбата за сметка на Н. Н. „или" наградата за застапуење на рочиште од ——— по предметот ———").

5. Во рубриката 5 се впишуе наградата со која што адвокатот ја задолжил странката за извршената работа, и тоа во рубриката 6 тарифниот број по кој на адвокатот му припаѓа награда, а во рубриката 7 износот на наградата по тарифата.

7. Во рубриката 8 се впишуе хонорот кој што е адвокатот примил од странката како награда за извршената работа.

8. Во рубриката 9 се впишуе се онаа што е примил адвокатот од странката било во вид на накнада за исплатените износи за нејзина сметка (платена такса, патни трошкови и сл.), било во вид на аванс (предуем) за покривање на судските или своите ефективни трошкови или за исплати на трети лица (депозити), а во рубриката 10 се впишуе се она што адвокатот издаде за сметка на странката по кое и да било од предните основания.

9. Во рубриката 11 се впишуат сите издатоци на адвокатската канцеларија (режиа), како н. пр. плата на адвокатскиот кандидат, издатоци за осветление, отопление, канцелариски материјал итн.

10. Во рубриката 12 се впишуат евентуални дополнителни разјасненија за поедините книжуења.

### II — Книга за странките (образец бр. 2)

1. Во рубриката 1 се впишуе денот, месецот и годината на книжењето.

2. Во рубриката 2 се впишуе редниот број на книжењето во дневникот за работењето.

3. Во рубриките 4-9 се впишуат истите податоци како и во одговарајќите рубрики 4, 6—10 на дневникот за работењето

## 183

Врз основа чл. 5 од Уредбата за единствените цени со важност на територијата на Народна Република Македонија од 28 јануари 1947 година (Службен весник на НРМ бр. 5 од 19-II-1947 год.). Министерството на финансиите на Н.Р. Македонија го дава следното:

# Напатствие

**За плакање на утврдените разлики на акумулацијата која не е обфаната со стопата на данокот на промет на производи со важност на територијата на Народна Република Македонија.**

1) Разликата од општодржавната акумулација на производите со единствените цени со важност на територијата на Народна Република Македонија, која поради нуждата за заокружуење даночните, стопи не е обфаната со стопите за данок на промет на производи ке се плака во полза на буџетот на Народна Република Македонија на одделна „Сметка републиканска разлика" бр. 8,801.003 Министерството на Финансиите на НРМ при Централата на Народната банка ФНРЈ за Народна Република Македонија — Скопје.

2) Разлики, кои при единствените цени со важност само на територијата на одделен народен одбор, поради заокружуење на цените се појавуат, ке се плака во полза на буџетот на односниот народен одбор.

3) Во полза на надлежност народен одбор (околијски и градски Н.О.) ке се наплатуе разликата за исправка на цената, која се врши по постоеките прописи за пријавуење продажните цени на стоката во внатрешниот промет.

4) Ова Напатствие влегуе во сила „со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ке се применуе од денот на влегуење во сила на Ценовникот на Земскиот уред за цени при Председателството на Владата на Народна Република Македонија.

1. Скопје: Бр. 303 — 27. V. 1947 год.

Министер на финансиите,
**Д. Џамбаз с р.**

### ИСПРАВКИ ОД „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НРМ" БР. 19

1. На стр. 199 во 4 чл. последниот ред стои „трошоци", а треба да стои „трошкови".

2. На стр. 200 во Уредбата за отварање школа за општо образование на работниците, потписот на Министерот на просветата стои „Н. Манчев", а треба да стои „Н. Минчев".

3. На истата страна во Правилникот за паричниет еквивалентн, под точка 1 стои: „Принадлежности во натура во возрасни", а треба да стои: „Принадлежности во натура за возрасни".

4. Во истиот Правилник под точка 2, тринаестиот ред треба да се исфрли.

5. Во истата точка под 26, пиво б) за 1 хл. во шишиња стои „1316", а треба да стои „1,316".

6. на стр. 201 во првиот ред на Решението стои „на кои хранителите" а треба да стои „на кои хранителя".

7. На стр. 202 во формулата стои „1328", а треба да стои „13,28",

8. На истата страна под точ. 8 во а), трекиот ред стои „приправените", а треба да стои „правремените".

Од Редакцијата

### СОДРЖАЈ


| Рег бр. | | Стр. бр. |
|---|---|---|
| 178 | Урдеба за данок на доход | 203 — |
| | | 211 — |
| 180 | Уредба за запазуење на земјоделски имоти | 212 — |
| 181 | Правилник за приложуење Уредбата за арондација на државни земјоделски стопанства под управа на Министерството на земјоделието и шумарството на НР Маке риторијата на НРМ. | 213 — |
| 182 | Правилник за работните (сметководни) книги на адвокатите | 216 — |
| | Образци I, II и напатствија за водење на работни (сметководни книги на адвокатите | 217 — |
| 184 | Напатствије за плакање утврдените разлики на акумулацијата која не е опфаната со стопата на данакот на прометот на производи со важност на територијата на Н. Р. М. | 218 — |


Издава: Одделение за законодавство и изградуење на државната управа при Претседателството на Владата на НРМ — Одговорен уредник Љубомир Исахиев ул. 4 бр. 5 — Редакција и администрација, Маршал Тито ул. бр. 10 — Телефон 698.
Печатница „Гоце Делчев" — Скопје